**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-377/5**

**Скопје, 22.09.2008 година**

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на расходите од Програмата за Попис на земјоделството во РМ во 2007 година кај Државниот завод за статистика (во понатамошниот текст ДЗС), кои се вклучени во финансиските извештаи на сметката за редовно работење за 2007 година, а прикажани во преглед на расходи за Програма за Попис на земјоделството во РМ во 2007 година на страна 7.

2. Ревизијата на расходите од Програмата за Попис на земјоделството во РМ, 2007 од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 8 од Законот за државна ревизија и согласно одредбите за реализација на Твининг проектот во соработка со Холандскиот Суд за ревизија.

3. Не е извршена ревизија, ниту е издаден извештај за финансиските извештаи на Државниот завод за статистика за годината која `и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Расходите од Програмата за Попис на земјоделството во РМ во 2007 година од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   М-р Благица Новковска – директор на Државниот завод за статистика.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 6, и да дадат мислење за расходите од Програмата за Попис на земјоделството во РМ во 2007 година од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 14.04 – 30.05.2008 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.:

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали расходите за Попис на земјоделството во РМ, 2007 година се реално и објективно прикажани во финансиските извештаи на ДЗС, и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Расходите од Програмата за Попис на земјоделството во РМ во 2007 година, кои се предмет на овој извештај се вклучени во финансиските извештаи на ДЗС - сметка за средства од Буџетот на РМ за 2007 година, составена според важечките прописи во Република Македонија, со извршени рекласификации за добивање појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 16.07.2008 година примени се забелешки по Претходниот извештај за извршена ревизија на расходите од Програмата за Попис на земјоделството во РМ во 2007 година, кои се вклучени во финансиските извештаи на сметката за редовно работење за 2007 година на Државниот завод за статистика, заведени под бр. 02 – 671/2 од 16.07.2008 година, од директорот на ДЗС М-р Благица Новковска. Истите се разгледани, при што е одлучено следното:
    - Забелешките на наодите во точка 10.2.1. и 10.3.1. од Претходниот извештај се прифаќаат, поради изнесената аргументација дека точноста на податоците во образецот ЗЕМ П1 се контролирани и верификувани од страна на попишувачот, реонскиот инструктор, државниот инструктор и членот на Комисијата на пописниот реон со потврдување (потпис) во Контролникот (Образец К-1) како посебен образец предвиден со методологијата на ДЗС и применетата меѓународна пракса.
    - Забелешките на наодот во точка 10.2.2. од Претходниот извештај делумно се прифаќаат, поради дадени дополнителни образложенија кои влијаат на промена на формулацијата на наодот од аспект на можни финансиски импликации врз износот на исплатените средства.
    - За забелешките кои се однесуваат на наодите во точките 10.2.3, 10.3.2, 10.3.3, 10.3.4, 10.4.2. и 10.4.3. од Претходниот извештај, ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за нивно прифаќање, поради што истите се одбиени.

11. Со ревизијата на расходите од Програмата за Попис на земјоделството во РМ во 2007 година, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Резиме за менаџментот

Со извршената ревизија на расходите од Програмата за Попис на земјоделството во РМ во 2007 година, констатирани се одреден број на слабости и неправилности кои имаат влијание врз законското и наменското користење на средствата, и тоа:

- Активностите на постпописното истражување како статистичка контрола на опфатот и квалитетот на податоците од пописот не се завршени во целост што не дава сигурност за објективноста и реалноста на исплатените средства во износ од 843 илјади денари за таа намена.
- Раководството на ДЗС не применило аналитички постапки во поглед на поврзување на финансискиот и статистичкиот систем со цел да се изврши контрола и истовремена потврда на исправноста на искажаните податоци во двата система. Ревизијата утврди разлика од 8.000 индивидуални домаќинства повеќе во статистичките податоци за што доби релевантни објаснувања.
- При исплатата на надоместоците на Комисиите на пописните реони, не се почитувани критериумите за исплата определени со Правилникот, а при исплатата на надоместоците на Бирото за попис и работни групи не се утврдени критериуми, поради што ревизијата изразува резерва во реалноста и објективноста на потрошените средства за овие намени.
- При формирањето на стручните тела за извршувањето на активностите во врска со Пописот на земјоделството, не е извршено разграничување на должностите поради што ревизијата утврди необјективност на исплатените надоместоци на лица кои истовремено учествуваат во работата на повеќе стручни тела во вкупен износ од 1.045 илјади денари.
- По завршување на активностите предвидени со Пописот направена е дополнителна измена на Правилникот во декември 2007 година, со што ненаменски се исплатени средства на одделни учесници во Пописот во вкупен износ од 2.650 илјади денари од неискористените средства за претходно планираните активности.
- Склучени се договори за дело со надворешни лица за обработка на податоци во Пописот спротивно на законските прописи поради што незаконски се исплатени средства во вкупен износ од 532 илјади денари.

## 11.2. Систем на интерни контроли

11.2.1. За проверка на квалитетот на пописот на земјоделството спроведено е постпописно истражување што претставува статистичка контрола на опфатот и контрола на квалитетот на податоците од пописот. Дефинитивните резултати од пописот се објавени во декември 2007 година пред нивно потврдување со резултатите од постпописното истражување, чија обработка е во тек. Од тие причини контролата која била предвидена со постпописното истражување не функционира во целост со што постои ризик за објективно и реално прикажување на исплатените средства за таа намена.

11.2.2. Раководството на ДЗС не обезбедило контрола во поглед на поврзување на двата система (финансискиот и статистичкиот систем) и истовремено потврдување на исправноста на искажаните податоци во двата система. Недостатокот на ваква анализа од страна на субјектот доведува до ризик од објавување на неточни и неквалитетни статистички податоци или исплатени надоместоци за неточен број на индивидуални земјоделски стопанства.

Сакаме да го нагласиме позитивниот пристап на ДЗС кој ја објаснува утврдената разлика помеѓу наведените два система од 8.000 индивидуални

земјоделски домаќинства повеќе во статистичките податоци како резултат на утврдената политика на ДЗС да не се исплаќа надомест за оние домаќинства кои се попишани во седиштето на пописните реони на попишувачите. Од тие причини наведените земјоделски домаќинства не се вклучени во финансиската евиденција.

**Препораки**

1. Во наредниот период пред објавувањето на дефинитивните резултати од Пописот да се користат резултатите од постпописното истражување во функција на потврдување на точноста на податоците. Исто така Владата на РМ да преземе соодветни мерки за воспоставување катастар на земјоделско земјиште и други соодветни регистри кај надлежните институции за потврдување на расположивиот имот со кој се остварува земјоделската дејност.
2. При спроведување на ист или сличен вид на активност ДЗС да воспостави контрола која ќе обезбеди анализа помеѓу добиените статистички податоци и оние по кои се врши исплатата на надоместоците на лицата учесници во активноста.

11.3. **Неправилности во искажување на расходите**

11.3.1. При исплатата на надоместоците за претседателот и членовите на Комисиите на пописните реони, не се почитувани критериумите за исплата определени со Правилникот (оценка на лицата за обемот и успешната реализација на утврдените задачи), што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Како последица на ваквиот начин на исплата ревизијата изразува резерва во реалноста и објективноста на направените расходи по овој основ во вкупен износ од 6.972 илјади денари..

11.3.2. Ревизијата не доби соодветни ревизорски докази за да се увери во реалноста и објективноста на направените расходи по основ на исплатените надоместоци на членовите на Бирото за попис и членовите на работни групи во износ од 3.078 илјади денари, од причина што не се утврдени критериуми за исплата, спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Надоместоците се исплатени врз основа на решение од директорот, што упатува на субјективно одлучување.

11.3.3. При формирањето на стручните тела за извршувањето на активностите во врска со Пописот на земјоделството, не е извршено разграничување на должностите од причина што одредени лица се истовремено членови во неколку тела и извршуваат исти или слични задачи. Поради наведеното постои ризик од неквалитетно извршување на задачите или исплата на надоместок за неизвршена работа поради што ревизијата не доби доволно ревизорски докази за да се увери во реалноста и објективноста на исплатените надоместоци на лица кои истовремено учествуваат во работата на Управниот комитет, Бирото за попис и Штабот за попис во вкупен износ од 1.045 илјади денари.

**Препораки**

1. Директорот на ДЗС да ги утврдува принципите, мерилата и критериумите за надомест за извршените работи на сите учесници во наредните пописни активности.
2. Во наредниот период Директорот на ДЗС при формирањето на стручни тела и комисии да има предвид различна застапеност на лицата членови во истите, заради нивна независност и објективност во извршувањето на задачите.

### 11.4. Ненаменско и незаконско користење на средства

11.4.1. Активностите на постпописното истражување не се во целост спроведени и не е постигната основната цел за неговото спроведување, како потврда на опфатот и квалитетот на Пописот на земјоделството во 2007 година за целата територија на РМ. Поради наведеното, исплатените средства по основ на постпописното истражување во вкупен износ од 843 илјади денари не се наменски искористени во функција на Пописот.

11.4.2. Во декември 2007 година извршена е измена на Правилникот за финансиско и материјално работење и принципи, мерила и критериуми за надомест на извршената работа на учесниците во Пописот на земјоделството во РМ, 2007, по завршување на активностите во врска со пописот, што дава сомневање дека дел од неискористените средства за претходно планираните активности за пописот се ненаменски потрошени за дополнителни примања кои не се предвидени, и тоа:

- Исплатени средства на претседателот и членовите на Управниот комитет во вкупен износ од 593 илјади денари, без утврдени критериуми, што значи субјективно одлучување при определувањето на поединечните износи, кои се движат од 10 илјади денари до 65 илјади денари за претседателот на Управниот комитет.
- Исплатени средства на државните инструктори во вкупен износ од 773 илјади денари, во паушален износ од по 10 илјади денари на секој инструктор.
- Исплатени средства на лицата вработени во ДЗС по различни основи за успешно реализирање на пописот во вкупен износ од 1.284 илјади денари, во паушален износ од по 10 илјади денари на секое лице.

11.4.3. И покрај добиената согласност на 24.08.2007 година од Министерството за финансии за вработување на 100 извршители за обработка на пописен материјал во ДЗС како привремени вработувања, ДЗС склучил договори за дело со надворешни лица за извршување на истата работа, поради што незаконски се исплатени средства во вкупен износ од 532 илјади денари, спротивно на Законот за Попис на земјоделството во РМ, 2007, Законот за извршување на Буџетот, Законот за работни односи и Законот за облигациони односи.

**Препораки**

1. Активностите на постпописното истражување за контрола на опфатот и квалитетот на пописот да се завршат во целост пред објавување на дефинитивните резултати.
2. Раководството во ДЗС да воспостави ефикасен и редовен систем на интерни контроли и обезбеди критериуми за вреднување на трудот при

исплата на надоместоци на лицата што учествуваат во вонредни активности.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.2. и 11.3. ние не изразуваме мислење за расходите од Програмата за пописот на земјоделството во РМ, 2007 година искажани во финансиските извештаи на Државниот завод за статистика.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.3 и 11.4, ние не се уверивме во законското и наменско користење на средствата потрошени во реализацијата на Програмата за Пописот на земјоделството во РМ, 2007 година, кои претставуваат државни расходи.

**Скопје, 17.09.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ПОПИС

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 155.400 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **155.400** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 150.824 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **150.824** | **0** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 4.508 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **4.508** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **155.332** | **0** |
| **Нето вишок на приходи над расходи** | **68** | **0** |

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Број 1105-377/11***
***Скопје, 13.11.2008 година***

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија ("Сл. весник на РМ" бр. 65/97…133/07) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на расходите од Програмата за Попис на земјоделството на Република Македонија, 2007 година кај Државниот завод за статистика, бр. 02-935/2 од 20.10.2008 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

# ***Р Е Ш Е Н И Е***

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

**1.** Приговорот на наодите во точка 11.2.1, 11.2.2, 11.3.1, 11.3.2, 11.3.3, 11.4.1, 11.4.2 и 11.4.3. од Конечниот Извештај за извршената ревизија на расходите од Програмата за Попис на земјоделството на Република Македонија, 2007 година кај Државниот завод за статистика – Сметка за средства од Буџетот на РМ, **не се прифаќа**.

**2.** Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на расходите од Програмата за Попис на земјоделството на Република Македонија, 2007 година кај Државниот завод за статистика – Сметка за средства од Буџетот, поднесен е приговор бр. 02-935/2 од 20.10.2008 година.

Образложението за неприфаќање на приговорот на наодите изнесени во точка 11.2.1, 11.2.2, 11.3.1, 11.3.2, 11.3.3, 11.4.1, 11.4.2 и 11.4.3. од Конечниот извештај е следното:

1. Приговорот на наодите во точка 11.2.1. и 11.4.1. од Конечниот извештај, а кои се однесуваат на незавршена преземена обврска - постпописно истражување за контрола на опфатот и квалитетот на податоците од Пописот на земјоделството во РМ во 2007 година, за што се исплатени средства на лицата вклучени во ова истражување во износ од 843 илјади денари за активности кои не се во целост спроведени и не е постигната основната цел на постпописното истражување, **не се прифаќа**, од причина што во Приговорот е дадено објаснување за природата на постпописното истражување и причината за `сеуште необјавените резултати од оваа активност. Целите на постпописното истражување се дефинирани во донесеното Упатство за попишување на индивидуалните стопанства (точка 9-Статистичка контрола на опфатот и квалитетот на податоците од пописот) што

се однесува на спроведување на постпописното истражување и како такви се земени во предвид при дефинирањето на наодот. Согласно наведените образложенија во забелешките од субјектот, во Конечниот извештај ревизијата изврши промена во формулацијата на наодот во точка 11.2.1. од аспект на можни финансиски импликации врз износот на исплатените средства за оваа намена. Прилозите бр 6, 7, 8 и 9 се однесуваат на методолошки упатства за постпописно истражување и не се релевантни за наодот.

2. Приговорот на наодот во точка 11.2.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на необезбедена контрола во поглед на поврзување на двата система (финансискиот и статистичкиот систем) и истовремено потврдување на исправноста на искажаните податоци во двата система со што недостатокот на ваква анализа од страна на субјектот доведува до ризик од објавување на неточни и неквалитетни статистички податоци или исплатени надоместоци за неточен број на индивидуални земјоделски стопанства, **не се прифаќа,** од причина што, појаснувањето дадено во Приговорот, за контролата која што се врши со прегледот бр 6 (Преглед за исплата на надоместоци на попишувачи во комисиите на пописни реони), претставува само сметковна контрола, а не и техничко поврзување на наведените два система, поради што не може да се смета како доволен ревизорски доказ за промена на наодот.

**3.** Приговорот на наодот во точка 11.3.1. од Конечниот извештај, а кој се однесува на исплата на надоместоци на претседателот и членовите на Комисиите на пописните реони во вкупен износ од 6.972 иљади денари, без почитување на критериумите за исплата определени со Правилникот (оценка на лицата за обемот и успешната реализација на утврдените задачи), што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, **не се прифаќа,** поради немање поединечна оценка на лицата за обемот и успешната реализација на утврдените задачи врз основа на која требало да се изврши исплата на надоместоците. Донесеното решение од директорот на ДЗС и дадените информации за спроведениот попис (прилог бр 13 и 14) кон забелешките на Претходниот извештај не се релевантни и доволни докази за промена на наодот во извештајот.

4. Приговорот на наодот во точка 11.3.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на исплата на надоместоци на членовите на Бирото за попис и членовите на работни групи во вкупен износ од 3.078 иљади денари спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, **не се прифаќа**, поради тоа што во Приговорот не се доставени дополнителни докази за постоењето на критериуми по кои треба да се врши исплатата на надоместоците на членовите на Бирото за попис и на работните групи. Наведениот Правилник за финансиско и материјално работење и принципи, мерила и критериуми за надомест на извршената работа на учесниците во Пописот на земјоделството во РМ, 2007 (член 15), го регулира само правото за исплата, но не и критериумите за висината на надоместоците. Прилозите бр 15, 16 и 17 доставени со забелешките на Претходниот извештај се вообичаена кореспонденција помеѓу директорот и вработените, а во прилог бр 17 дадени се износите од задолженото лице корегирани од директорот на ДЗС.

5. Приговорот на наодот во точка 11.3.3. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неизвршено разграничување на должностите при формирањето на стручните тела за извршувањето на активностите во врска со Пописот на земјоделството со што одредени лица се истовремено членови во неколку тела и извршуваат исти или слични задачи, **не се прифаќа,** од причина што со формирањето на Бирото за попис и Управниот комитет не се прецизирани времетраењето и

мандатот на членовите со што ревизијата не доби релевантни докази во текот на вршењето на ревизијата, ниту се доставени нови докази во Приговорот дека нема преклопувања на активностите и надлежностите во спроведувањето на пописот. Поради наведеното, а врз основа на извршената анализа, ваквата неправилност констатирана во извештајот, се однесува за исплатата на надоместоци кај три лица – учесници во Управниот комитет, Бирото за попис и Штаб за попис, што е потврдено и во дадениот приговор од субјектот.

6. Приговорот на наодот во точка 11.4.2 од Конечниот извештај, а кој се однесува на исплатени надоместоци на претседателот и членовите на Управниот комитет, државните инструктори и други вработени ангажирани по различни основи, во вкупен износ од 2.650 илјади денари, без утврдени критериуми и во паушален износ, врз основа на извршена измена на Правилникот за финансиско и материјално работење и принципи, мерила и критериуми за надомест на извршената работа на учесниците во Пописот на земјоделството во РМ, 2007, **не се прифаќа**, од причина што образложението дадено во Приговорот не е издржано, ниту пак се доставени нови докази, а исплатите се извршени без утврдени критериуми и во паушални износи во месец декември 2007 година, по завршување на активностите во врска со пописот. Ваквата состојба е потврдена и во самиот приговор од директорот на ДЗС, што дава сомневање дека дел од неискористените средства за претходно планираните активности за пописот се ненаменски потрошени за дополнителни примања кои не се предвидени.

7. Приговорот на наодот во точка 11.4.3 од Конечниот извештај, а кој се однесува на незаконски исплатени средства во вкупен износ од 532 илјади денари, по склучени договори за дело со надворешни лица за обработка на пописен материјал спротивно на Законот за Попис на земјоделството во РМ, 2007, Законот за извршување на Буџетот, Законот за работни односи и Законот за облигациони односи, **не се прифаќа**, поради тоа што, членот 30 од Законот за Попис на земјоделството во РМ, 2007, наведен во Приговорот, се однесува на склучувањето на договори за дело со учесниците во Пописот кои се ангажираат во својство на инструктори, попишувачи и со лицата за вршење на административно – технички и други работи, што ревизијата го имаше во предвид при дефинирањето на наодот. Ревизијата утврди дека ДЗС склучил договори за дело и покрај добиената согласност за привремени вработувања од Министерството за финансии за вработување на 100 извршители за обработка на пописен материјал.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Скопје, 10.11.2008 година** **Главен државен ревизор,**

**Тања Таневска**